| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е-ИНФРАСТРУКТУРА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Министерство за транспорт и врски** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Министер за транспорт и врски** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | СТУДИО АТРИУМ ДОО - ШТИП<br>Овластен планер:<br>Емилија Галовска, дипл. инж. арх. |
| Назив на работното место | Овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Никола Нехтенин бр. 1 2000 Штип<br>тел: 032 383 033<br>Е - маил: emilija.galovska@atrium.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Основа за изрботка на предметната урбанистичка документација се одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 225/20 и 219/21) , Одобрената Проектна програма изработена со проектната задача финансирана од Инвеститорот и Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р. С. Македонија кои содржат насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена за влијанието на животната средина согласно залпнот за животна средина. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да -Енергетика |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 4 | Алинеја: 1 |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да , урбанистичката документација за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани во КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, а е со површина на проектен опфат - 734,19 ха |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Оформување на нова градежна парцела |

| |
|---|
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| / |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| не |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област) |




——— ОПФАТ

Планскиот опфат се наоѓа во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип и се наоѓа надвор од соседните плански опфати, а со самото тоа и нема дефинирано намена на земјиштето.
Согласно потребите на инвеститорот и согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020 год) како и Правилникот за урбанистичкото планирање (Службен весник на РСМ бр.225/2020год), и Измената на Правилникот за урбанистичкото планирање (Службен весник на РСМ бр.219/2021год, сл.в на РСМ 104/2022)) , урбанистичка планска документација, се предвидува да биде со класификација на намена
Е – ИНФРАСТРУКТУРА
Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Е1.13-површински соларни и фотоволтаични панели
Границата на планскиот опфат се движи по следните катастарски парцели:
Од север: 16/1, 37/4, 49/3, 51/1, 54/4, 77/2, 56/2, 78/2, 77/3, 80/2, 57/2, 42/4, 71/3, 84/3, 83/1, 82/1, 74/1, 80/3, 72/1, 70/1, 51/4, 44/3, 42/6, 44/2, 52/2
Од исток: 52/2, 52/1, 55/6, 62/13, 62/15, 62/14, 62/6, 62/4, 62/2
Од југ: 62/2, 64/2, 104/3, 63/2, 104/2, 100/2, 96/2, 95/2, 98/2, 97/2, 74/11, 83/12, 77/10, 86/2, 32/2, 29/2, 25/3, 30/2, 25/2
Од запад: 25/2, 25/1, 21/9, 21/8, 21/7, 21/6, 19/2, 21/3, 16/2, 16/1, 37/4
Локацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење е од страна на приватни инвеститори, сопственици на земјиштето во планскиот опфат. Локацијата се наоѓа во простор каде не постои планска документација, а за таа цел се бараат Услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за просторно планирање.
Добиени се Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци со технички број Y33721 за 429,79 ха и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП 1-15 1850/2021 од 13.12.2021 год.издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање, како и дополна на условите за планирање на просторот со технички број Y33721i за 304,4 ха и Решение за Услови за планирање на просторот со бр.УП 1-15 804/2022 од 05.05.2022 год.издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.
Согласно доставениот Допис од страна на Агенцијата за просторно планирање со бр.0904-1124/2 од 08.10.2021год., добиена е информација дека во непосредна близина на опфатот се наоѓа планираната акумулација Јагмулар, а низ планскиот опфат не поминуваат никакви инфраструктурни траси.

Предметната локација се наоѓа југозападно од населено место Штип на надморска височина од 200-717 м.

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☒
Не ☐

Теренот на локацијата е со различни падови и ориентации. Од таа причина во проектот се дефинира основна големина на фотоволтно поле.
Со цел да се оствари предвидениот капацитет на централата фотоволтните полиња се формирани:

- Рамни терени
- Терени со падови према југ
- Терени со падови према југо-исток
- Терени со падови према југо-запад и
- Благи падови на теренот према север (до околу 2º.

Прифатен е принципот на терен осовините на редовите да се протегат во правецот исток-запад. Исклучок

се падините со нагиб поголем од 20° бидејки на таквите терени панелите се инсталират паралелно на теренот со што правецот на осовината на редот нема значење.

Дали е приложена копија од целите?

Да ☒
Не ·

ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО И ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Урбанистичката планска документација треба да се изработи согласно важечките законски прописи т.е согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр 32/2020), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/2020), и Измената на Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 219/2021, сл.в. на РСМ 104/2022)).
Урбанистичката планска документација да се изработи врз основа на ажурирана геодетска подлога, каде се евидентираат сите постојни надземни и подземни градби во рамките на планскиот опфат во документационата основа на планот.
Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој. Во тој контекст, оваа иницијатива за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.
Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип ќе биде вофункција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република С. Македонија за одржлив развој. На урбанистичка планска документација задолжително треба да биде извршена стручна ревизија.

Резиме на влијанијата врз животната средина

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Со реализација на планскиот документ предвидените површини за градење и нивната реализација зависат од урбанистичките параметри што се составен дел на планската документација. Планскиот документ ги содржи сите потребни мерки за заштита од сите аспекти, воедно овој плански документ се изработува во зона да нема посебно влијание врз животната средина на луѓето.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Во предметниот план се предвидува нова површина за градење согласно смерниците од Просторниот план на Република С. Македонија, планската програма и увидот на лице место.<br>Изградбата на предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани во урбанистичката документација за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани во КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, е со површина на проектен опфат - 734,19 ха ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија). |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Предвидената површина за градење во планскиот опфат не влијае негативно на микроклимата во подрачјето |
| Прекугранична природа на влијанијата | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | Со примена на мерките и законската регулатива нема ризици по здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | Планскиот опфат се наоѓа во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип и се наоѓа надвор од соседните плански опфати и нема дефинирано намена на земјиштето.<br>Локацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење е од страна на приватни инвеститори, сопственици на земјиштето во планскиот опфат. Локацијата се наоѓа во простор каде не постои планска документација, а за таа цел се бараат Услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за просторно планирање.<br>Согласно доставениот Допис од страна на Агенцијата за просторно планирање со бр.0904-1124/2 од 08.10.2021год., добиена е информација дека во непосредна близина на опфатот се наоѓа планираната акумулација Јагмулар, а низ планскиот опфат не поминуваат никакви инфраструктурни траси. |

| |
|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ |
| Од спроведување на овој плански документ очекувани се позитивни влијанија врз економските и социјалните аспекти на ова подрачје |

| | |
|---|---|
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Со изградба на планраниот објект очекуван е подобар економски развој на ова подрачје | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | нема |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема влијанија за квалитет на животната средина, воедно нема ни да дојде до надминување на граничните вредности во градбена фаза и фаза на користење |
| Интензивна употреба на земјиштето | - |
| Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите: | |
| Во рамки на планскиот документ се предвидува изградба на објекти со намена<br>Е – ИНФРАСТРУКТУРА<br>Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури<br>Е1.13-површински соларни и фотоволтаични панели | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br><br>Околината , во близина на новоопределената површина за градење е неизградена. Со реализација на објектот и неговото функционирање нема да има никакво влијание врз околината и животната средина | |

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).

Од изведувањето на процесот за изградба на предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани во урбанистичката документација за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани во КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, не се очекуваат значителни негативни влијанија врз квалитетот на животната средина.
Ползувањето на сончевата енергија, односно нејзиното трансформирање во електрична енергија овозможува економски придобивки, позитивно влијание и унапредување на животната средина. Зголемената употреба на овој обновлив енергетски извор во иднина би придонел кон развој на локалната економија, социјални придобивки (јавно здравје), односно една сигурна и безбедна иднина што е и главната цел на одржливиот развој.
Поголемата застапеност на обновливите извори на енергија во иднина ќе ја намали и зависноста од увоз на необновливи извори на енергија (фосилни горива) со што ќе се овозможи поголема енергетска стабилност. Планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).

Реализацијата на урбанистичката документација за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани во КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, со површина на проектен опфат - 734,19 ха, додека трае изградбната можно е негативно влијание вра животната средина со мал интензитет и тоа на локално ниво. Можни се незначителни влијанија, кои потекнуваат од начинот на управување со: почва, отпад, ризиците. За таа цел, треба да се подготви програма за заштита на животната средина со активности за надминување на можните недостатоци, како и временска рамка за нивна имплементација. Со имплементирање на тие мерки од програмата, ќе се постигне интегрирана заштита на животната средина.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Плснскиот документ кој е предмет на разгледување е во непосредна врска со Просторниот план на Република С. Македонија. Бидејки предметната локација е надвор од населено место овој плански документ нема да има влијание вез животната средина.

| |
|---|
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br><br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br><br>Во рамки на планскиот документ се предвидува изградба на објекти со намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани<br><br>Влијанието кое ќе произлезе од објектот е важно за вклопување во планскиот документ од повисоко ниво (Просторен план на Република Македонија), каде би се вградиле, но не гледаме потреба истите да подлежат на нови оценувања. Доколку при изработка на план од повисоко ниво пр. Урбанистички план вон населено место се одлучи дека има потреба од оцена на ова подрачје, тогаш при наредната разработка на планска документација ќе биде почитувана одлуката од надлежната институција |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Благој Бочварски |
| Датум: 25.11.2022 година<br>Место: Скопје<br>21.1597/8 | М.П. |